27/06
08,-

До
Агенција за администрација
ул. Јуриј Гагарин бр. 15
Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup 1

| Примено: Pranuar: | 27.06.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | -1107/1 | | |

Од

ул.
Скопје

ПРЕДМЕТ: Барање на информации од јавен карактер

Почитувани

Како учесник на Јавен оглас број 610/2023 за вработување на два административни службеници на работното место: Помлад инспектор Скопје во одделение за инспекциски надзор Скопје, Сектор за инспекциски надзор и други работи во Државниот пазарен инспекторат, со ОДЛУКА за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник Архивски број 04-133/2 од 26,01,2024 година избрани се кандидатите

Барам да ми ја доставите конечната ранг листа изработена од Комисијата за селекција со посебен осврт на број на бодови од секој критериум во секоја од фазите, поточно освоените бодови за

Фаза 1 - Административна селекција

1. Формално образование
2. Неформално образование
3. Работно искуство
4. Познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење

Фаза 2 - Испит за административен службеник

1. Стручен дел
2. Дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија

Фаза 3 - Проверка на веродостојност на докази и интервју

1. Општи прашања
2. Прашања за општите компетенции
3. Прашања за посебните компетенции
4. Активно познавање на македонски јазик

Дополнително, барам да ме известите за следното:

1) Кое формално образование го поседуваат двајцата избрани кандидати?

2) Врз основа на кои сертификати со име на издавачот и назив на сертификатот се доделени бодовите на двајцата избрани кандидати во делот на неформалното образование?

3) Кое работно искуство го поседуваат избраните кандидати?

4) Дали избраните кандидати имаат доставено сертификат за познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење?

5) Да добијам известување кои прашања им биле поставени и кои одговори ги дале двајцата избрани кандидати во Фаза 3.

Со почит,

------------------------------------------------ Скопје 27,06,2024 година